С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

НА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Службен гласник на Општина Крива Паланка **Издавач : Општина Крива Паланка** **Излегува по потреба**	**Број 9** **02.10.2026**	**Гласникот е бесплатен**

Врз основа на член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден .09.2026 година

Заклучок

За неусвојување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ –Крива Паланка за учебната 2025/2026 година

Член 1

Советот на Општина Крива Паланка не ја усвои Одлукатаза усвојување на Годишниот извештај за работа на средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ – Крива Паланка за учебната 2025/2026 година.

Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр.09-4755/3
29.09.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за неусвојување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ – Крива Паланка за учебната 2025/2026 година

1. Се објавува Заклучокот за неусвојување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ –Крива Паланка за учебната 2025/2026 година,што Советот не ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Заклучокот да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

Бр. 08 - 4755/4
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден .09.2026 година

О Д Л У К А

За донесување на годишната програма за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ –Крива Паланказа учебната 2026/2027 година

Член 1

Се донесува годишната Програма за работа на средното општинско училиште „Ѓорче Петров “ – Крива Паланка за учебната 2026/2027 година усвоена во форма на предлог од страна на Училишниот одбор на СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка

Член 2

Годишната програма од член 1 од оваа Одлука е составен дел на овој документ.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавување во „Службен гласник“ на Општина Крива Паланка

Бр.09-4755/5
29.09.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за донесување на Програма за работа на СОУ Ѓорче Петров - Крива Паланка

1. Се објавува Одлука за усвојување на Програма за работа на СОУ Ѓорче Петров,,-Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/6
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14, став (1) точка 39 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 29.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А

За усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2025/2026 година

Член1

Со оваа Одлука се усвојува Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2025/2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 09 –4755/7
29.09.2026 год.
Крива Палнака

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Трајковски

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2025/2026 година

1. Се објавува Одлука за усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2025/2026 година ,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/8
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 34 став (1) и (3) од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21, 253/23, 224/24, 135/25 и 269/25),Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20, 122/21, 33/24, 208/24, 193/25, 258/25, 58/26, 79/26 и 148/26) како и Правилникот за мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите на нивно извршување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, периодично и интервентно одржување на јавните патишта од 2008 год. со измени и дополнувања, како и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 29.09.2026 год. донесе

П Р О Г Р А М А

за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Крива Паланка за 2026/2027

Според законските одредби како работи за одржување на јавни патишта, се работите на редовно, зимско, периодично и интервентно одржување. Работите на одржување на општинските патишта и улици општината, односно градот Скопје може со договор да ги отстапи на извршување на правни лица регистрирани за вршење на овие работи согласно со закон. Јавните патишта се одржуваат на начин со кој се обезбедува зачувување на употребната вредност на патот за траен, безбеден и непречен сообраќај, под услови определени со овој закон, техничките нормативи и стандарди и прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Работи на зимско одржување се сите активности и мерки за обезбедување на сообраќајот во зимски услови. При зимското одржување се преземаат мерки потребни за обезбедување на континуираност и безбедност на сообраќајот во текот на зимски временски услови и тоа:
- организирање на зимска служба (потребен број луѓе за дежурства, соодветни простории за луѓето и материјалите),
- димензионирање на возила, градежна механизација и специјална опрема според интензитетот на падавините, должина на патна мрежа по приоритет , степени на приправност, искуство и др.),
- набавка на материјали за зимско интервенирање(сол-натриев хлорид, абразивни материјали и друго и
- организаирање на информативен центар.

Извршувањето на активностите за зимско одржување на јавните патишта се спроведува врз основа на годишен акционен план/програма за зимско одржување кој содржи:
- места на приправност за зимско одржување;
- приоритети и стандарди;
-локациина депоата/складиштата за зимско одржување;
- датуми поврзани со подготовката, мобилизацијата и оперативните фази за секој сектор;
- проценка на потребниот персонал и опрема за чистење и посипување со одмрзнувачки материјали;
- проценка на количините на одмрзнувачки материјал и капацитетите во магацините;

- организација и контрола за секоја активност;

Програмата за зимското одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во текот на зимската сезона 2026/2027 година за Општина Крива Паланка е изработена имајќи ги во предвид горенаведените законски одредби, како и искуствата и статистичките показатели од подолг времнски период. Програмата е прилагодена и према теренските и климатските услови кои што владеат во Општина Крива Паланка. Општина Крива Паланка е ридско -планинско подрачје каде освен градот, другите населени места се претежно од разбиен тип и се доста оддалечени од самиот град.

Состојбата на локалната патна мрежа во изминатите години постојано се подобрува но се уште е недоволно развиена и асфалтните коловози се претежно само до селата или населените места додека кон поодалечените делови постојат земјани маалски патишта кои се главно во лоша состојба и се тешки за одржување, поготово во зимски услови. Поради тоа, Програмата предвидува одржување на асфалтните коловози, а по исклучок и на одредени земјани коловози заради нужна проодност.

И самите асфалтни коловози од градот кон селата и населените места се тешки за одржување поради големите наклони, острите и тесните кривини и постоењето на ударни дупки, а на некои улици и патни правци понекогаш и не е можно да се врши чистење на снегот од патот со основната механизација. Такви се патните правци Крива Паланка – с.Градец, Манастир - Горно Варовиште кон Калин Камен, Крива Паланка – Дрење – с.Киселица, два патни правци во село Подржикоњ и кон селата Голема Црцорија и Мала Црцорија и Крива Паланка – с.Дурачка Река – с.Станци – крак кон Метоф и понатаму кон с.Дренак и др.па на овие патни правци во услови на пообилни врнежи од снег неопходно е ангажирање на потешка градежна механизација. Праксата покажува дека во услови на значителни снежни врнежи и покрај вложените напори поедини земјани патишта сепак остануваат непроодни во одредени периоди (на пр.патот кон с.Дренак).

Во поширокото градско подрачје посебен проблем представуваат приградските тесни улици и возилата паркирани на коловозот, тротоарите или блиску до коловозот на улиците што значително го отежнува чистењето на снег, а со тоа се загрозува и безбедноста на пешачкиот и моторниот сообраќај.

Активностите за заимско одржување се спроведуваат врз основа на Програма која ги опфаќа следниве сегменти:

- Организационата поставеност и обврски на овластениот субјект за зимско одржување на улиците и локалните патишта и на другите учесници поврзани со извршување на работите околу отстранувањето на снегот и ледот, односно голомразица.
- Обем, динамиката и функционирање на овластената зимска служба за отстранување на снегот и ледот.
- Сообраќајници со приоритет на отстранување на снегот и голомразицата , како и за посипување и ставање на соодветен абразивен материјал и камена ризла на критични точки на улицата и на витални објекти.
- Број и вид на механички средства, нивна намена, начин и распоред на користење.
- Број и распоред на лица кои учествуваат во извршувањето на работите сврзани со отстранувањето на снегот и ледот.
- Обврска, услуги и средства на други учесници кои се вклучуваат во случај на потреба.
- Места определени за депонирање на собраниот снег и лед.
- Потребни финансиски средства за спроведување на Програмата и сл.

Врз основа на Годишната програма за зимско одржување која ја донесува Советот на

Општина Крива Паланка се спроведува постапка за јавна набавка и до почетокот на официјалната сезона за зимско одржување се склучува Договор за зимско одржување со избран економски оператор.

ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Во Договорот склучен со избраниот понудувач се утврдуваат цената, начинот, динамиката и времетраењето на одржувањето на улиците во градот и локалните патишта.

Контролата над одржувањето на улиците, тротоарите и локалните патишта во зимскиот период т.е. нивно расчистување од снег, лед и посипување на истите со абразивен материјал го врши Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура преку овластени лица (во понатамошниот текст Одделението), како и други институции како што се МВР, инспекциски служби и др. во рамките на своите надлежности.

ОБЕМ И ДИНАМИКА

Обемот и динамиката на одржувањето на улиците, тротоарите и локалните патишта во зимските услови се опфатени во договорот. Од досегашното искуство има произлезено дека потреба од зимско одржување во Општина Крива Паланка има најмалку 4 месеци во годината и тоа: од 15.11 тековната година до 15.03 наредната година. Во случаеви кога зимата започнува порано, а трае до покасно или имаме поинтензивни врнежи од снег во текот на овие 4 месеци бројката на ефективни часови може значително да се зголеми. Доколку пак работните часови не бидат искористени во обемот склучен во договорот Општината може да ги искористи за свои потреби по завршувањето на зимската сезона за поправка и одржување на локална патна мрежа. Треба да се напомене дека цените кои се предвидени за користење на градежната механизација и транспортните средства по завршетокот на тромесечниот период за зимско одржување се по правило значително пониски отколку во ударниот период.

ПРИОРИТЕТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ

При пообилни врнежи од снег, локалните улици и патишта ќе бидат чистени и одржувани по одреден приоритети, и тоа:

1.Пристапи до јавни институции и главна улица „Св.Јоаким Осоговски“
2.Приклучни улици во градот со поголем интензитет на сообраќај
3.Останати улици во урбан дел и главна улица во с.Конопница
4.Локални патни правци

УЛИЦИ ВО ГРАД КРИВА ПАЛАНКА КОИ ШТО ИМААТ ПОТРЕБА ОД ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ

1. Улица „Св.Јоаким Осоговски“ која започнува од Мотел Македонија па се до спојот со М-2 населба Грамаќе и нов крак кој започнува од Соларски мост до стара чаршија Л=4100м
2.Пристапи до:Медицински центар, Градинка“Детелинка“ кај Житни Магацин, Градинка“Детелинка“ во Центар, Градинка“Детелинка“ во “Осичка Маала“ и пристапи до сите основни училишта и во вкупна долќина од Л=300м
3.Улица “8-ми Октомври“ до мост во “Маневци“ Л=1650м
4.Улица “17-та Македонска Ударна Бригада“ со приклучни улици и краци Л= 700м
5.Улица “Д-р.Наско Тамбурков“ – асфалтиран дел Л=1000м
6.Улица “Гоце Делчев“ Л=700м
7.Улица “Херој Карпош“ и Нас. Лозаново“ Л=1655м
8.Улица “Партизанска“М.Пијаде“ Л=1030м
9.Улица “Никола Тесла “ - асфалтиран дел Л=750м

10.Улица “Борис Трајковски“ и “Јане Сандански“ Л=715м
11.Улица “Македонска“ и “Димитар Арсов“ и “Баглачка“ Л=1230м
12.Улица “Ратко Минев“ Л=930м
13.Улица “Јоаким Крчовски“ Л=520м
14.Улица “Никола Тесла“ Л=350м
15.Улица“Св.Јоаким Осоговски“ Л=3.370м
16. Улица “Борис Арсов“ Л=280м
17.Улица “Пиринска “ кон м.в. “Ловечки Дом“ Л=210м
18.Улица “Горан Стојановски“ Л=390м
19.Улица “Климент Охридски“ и “Вера Јоциќ“ Л=1500м
20. Улица “Осоговска“ – два крака Л=519м
21. Улица “Биљинска“ Л=250м
22. Улица “Дивјанска“ Л=380м
23.Улица “Д-р Наско Тамбурков“ – асфалтиран дел Л=1000м
24.Улица “Никола Карев“ со краци Л= 500 м
25.Улица „Баглачка“ Л=300 м
26. Улица „Кочо Рацин со краци Л=300 м
27.Сите асфалтирани делови и краци од улици кои не се наведени со имиња во Програмата.

На сите улици во градот кои што не се асфалтирани, а по кои што се одвива сообраќај ќе биде извршен дотур на абразивен материјал (сол и ризла), а посипувањето на абразивниот материјал по улицата ќе го изврши самото месно население.

ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА КОИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ

1. А2-с.Конопница (Трновска маала) – Мождивњак, крак за црква, крак Дубје, крак Стамболици –Деловотци,крак кон м.в. Крст – асфалт, м.в.Штала -А2, Деловотци – Кула – Црква, Кула–Лиска–Стублица Л=17.000,00м
2.Маневци- с.Дурачка Река – с.Станци Л= 4.500,00м
3.М-2 – с.Узем према с.Костур (асфалтиран дел) Л=1.000,00м
4.Трновска Река- с.Трново (асфалтиран дел) Л=5.500,00м
5.М-2 – Манастир Св.Јоаким Осоговски – Горно Варовиште-Калин Камен Ловечкка куќа -Езерце Л=10.000,00м
6.Село Добровница–Мала Црцорија и Голема Црцорија (асфалтирани дел) Л=11.000,00м
7.Село Огут - село Нерав Л=2.500,00м
8.Село Крстов Дол кон граничен премин Голеш Л=6.000,00м
9.М-2 с.Крклъа (асфалтиран дел) Лештарци Л=1.500,00м
10. Крива Паланка – с.Дрење – с.Киселица (асфалтиран дел) Л=4.500,00м
11.Од регионален пат на м.в. Китка –с.Подржи Коњ–Зли дол – Мишинска маала(асфалтиран дел) Л=4.500,00м
12.Крива Паланка – с.Градец (асфалтиран дел) Л=6.000,00м
13.Магистрален пат с.Длабочица до завршеток на асфалт Л=500,00м
14.Мезовски ливади – асфалтиран дел
15.Станечка кривина – Метов Л=3.000,00м
16.Мотел „Македонија“ – манастир (т.н.Руски пат) Л=2.000,00м
17.Жидилово – кон Славев Врв Л=1000,00м
18. с.Крклъа кон маали Џиковци и Тукарци Л =1500,00 м

19.Асфалтирани локални патни правци кои не се поединечно споменати погоре
20.Патни правци кои не се асфалтирани, а по истите се одвива моторен сообраќај (чистење на снегот со градежна механизација за нужна проодност).

БРОЈ И ВИД НА МЕХАНИЧКИ СРЕДСТВА

Според должината на локалната патна мрежа и улиците во градот, како и подолжните наклони на улиците во градот и на локалната патна мрежа, зимското одржување на истите ќе се врши со камион и трактор опремен со нож за чистење на снегот и соларка за индустриска сол и абразивен материјал и камиот од кој ќе се врши рачно посипување со сол и камена ризла врз ледот и врз коловозните површини претходно исчистени од снегот, мултифункционална машина со опрема за снег, градежна машина „СКИП“ за чистење на обилен снег од пошироките улици во градот и на локалните патни правци, како и будозер за пробивање на завеани локални патишта.

Во случај на изобилни врнежина снег (непрекинато) операторот може да склучи повеќе камиони опремени со опрема за цена наведена во склученият договор како и градежна машина (скип и булдозер) кои ќе се користат на патиштата каде што нема услови да се користи камион со комплетна опрема по цена цитирана во договорот за извршување на услугата.

На локалните патни правци со земјан или тампониран коловоз и на локални патни правци со коловоз изграден од асфалт кои се изведени со големи наклони и непрописно изведени кривини, чистењето на снегот од коловозните површини со Програмата се предвидува да се изведува со градежни машини булдозер и скип.

Во случај на силни и континуирани врнежи од снег, а кога општината нема можности да се справи со нив, Општината ќе побара ангажирање на републичките сили за заштита и спасување преку Подрачното Одделение за заштита и спасување Крива Паланка и Центарот за управување со кризи (ПО за управување со кризи) Крива Паланка.

БРОЈ И РАСПОРЕД НА ЛИЦА

Како придружба на камионот, тракторот или другата механизација покрај возачите, односно машинисти ќе бидат ангажирани и други лица, според потребите и проценките на самиот оператор . Дополнителни лица ќе бидат вклучени ако за тоа има потреба и тоа за отстранување на снегот, ледот од улиците и утовар на истиот во камион или трактор и транспорт до одредена депонија или друго место за депонирање на снег, кое накнадно ќе биде определено.

Чистењето на тротоарите пред влезовите на семејните куќи и влезовите на колективните станбени згради се должност на станарите од тие објекти. Собирањето на снегот да се врши на купчиња кои нема да го попречуваат движењето на пешачкиот сообраќај, а одвозот на снегот е обврска на ЈП„Комуналец“ од Крива Паланка.

Чистењето на тротоарите пред влезовите на деловните објекти и фирмите се обврска и должност на сопствениците на тие објекти и други корисници на станбениот или деловниот простор.

Чистењето на тротоарите и на другите јавни површини (каде што има движење на пешачки сообраќај) од снег и одвоз на снег собран на купчиња до најблиска депонија се обврска и должност на ЈП „Комуналец“ од Крива Паланка, а финансиските средства се предвидени во Програмата за одржување на јавна чистота во Крива Паланка.

Контролата на извршување на погоре наведена услуга се врши од страна на комунален инспектор при Општина Крива Паланка.

Набавката на абразивните материјали (сол и камена ризла) за посипување, е обврска на избраниот најповолен понудувач кој е должен набавените абразивни материјали да ги складира на место заштитено од атмосферски влијанија.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Според анализа на потрошените средства за зимско одржување во изминатите десетина години главно беа потребни средства во износ од 2,5 мил.денари со ддв за успешно спроведување на програмата. Но, од изминатите неколку сезони со глобалниот пораст на цените на услугите и материјалите, како и со постојано проширување на опфатот на зимско одржување за новоасфалтирани улици и патишта, се наложува потреба за зголемување на предвидените средства на околу 3.5 мил.денари. Средствата се обезбедуваат од Буџетот на општината и ЈП за државни патишта.

Приходи:

1.Буџет на Општина Крива Паланка	**2.500.000,00 ден.**
2.ЈП за државни патишта	**1.000.000,00 ден.**
Вкупно:	**3.500.000,00 ден**

расходи:(предпоставени)

1.Ангажирање на основна механизација	**=1.550.000,00ден**
2.Индустриска сол	**= 500.000,00ден**
3.Абразивен материјал	**= 300.000,00ден**
4.Ангажирање на друга градежна механизација доколку има потреба при обилни врнежи и после сезона	**= 350.000,00ден**
5. Ангажирање на механизација по завршеток на сезона	**= 600.000,00ден**
6. Ангажирање на работници доколку има потреба	**= 200.000,00ден**
Вкупно:	**3.500.000,00ден**

Бр.09-4755/9
29.09.2026 год.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Крива Паланка за 2026/2027

1. Се објавува Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Крива Паланка за 2026/2027 ,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08-4755/10
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен Весник на РМ“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник бр. , 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24)Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 29.09.2026 година донесе,

Програма

за измена и дополнување на Развојна Програма ЈМА
за „Времено уредување на јавни површини, улици и патеки со бехатон плочи 2026-2029“

1.Се врши измена и дополнување на Развојна Програма ЈМА за „Времено уредување на јавни површини, улици и патеки со бехатон плочи 2026-2029“, и тоа:

Во точка 2. Трошоци и време за реализација на програмата:

Алинеја 1 износот од 4.000.000,00 ден се менува и гласи 4.572.087,оо денари

Алинеја 2 износот од 6.000.000,00 ден се менува и гласи 5.427.913,оо денари

2.Вкупната сума на предвидените сретства за реализација на Развојната програма од 30.000.000,оо ден. останува непроменета.

3.Составен дел на оваа програма е образец КИР V1

Оваа програма ЈМА влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“,

Бр.09-4755/11
29.09.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Програма за измена и дополнување на Развојна Програма ЈМА за „Времено уредување на јавни површини, улици и патеки со бехатон плочи 2026-2029“

1. Се објавува Програма за измена и дополнување на Развојна Програма ЈМА за „Времено уредување на јавни површини, улици и патеки со бехатон плочи 2026-2029“,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/12
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен Весник на РМ“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02)и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка ,(Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 8/10, 12/10, 8/14, 02/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 9/24)Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 29.09.2026 година донесе,

Програма

за измена и дополнување на Развојна Програма РАА за активности во програмата за животна средина на Општина Крива Паланка за период 2026-2029

1.Се врши измена и дополнување на Развојна Програма РАА за активности во програмата за животна средина на Општина Крива Паланка за период 2026-2029, и тоа:

Во точка 2. Трошоци и време за реализација на програмата:

Алинеја 1 износот од 6.000.000,00 ден се менува и гласи 4.977.901,оо денари

Алинеја 2 износот од 10.000.000,00 ден се менува и гласи 11.022.099,оо денари

2.Вкупната сума на предвидените сретства за реализација на Развојната програма од 30.000.000,оо ден. останува непроменета.

3.Составен дел на оваа програма е образец КИР V1

Оваа програма РАА влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“,

Бр.09-4755/13
29.09.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Програма за измена и дополнување на Развојна Програма РАА за активности во програмата за животна средина на Општина Крива Паланка за период 2026-2029

1.Се објавува Програмаза измена и дополнување на Развојна Програма РАА за активности во програмата за животна средина на Општина Крива Паланка за период 2026-2029,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/14
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 22 став (1) точка (7) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 6 став (3), член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 14 став (1) точка (11) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 29.09.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А

за изменување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2026 година

1. Се врши изменување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година бр.08-6407/17 од 09.12.2025 година во Акцискиот план во табела 2 -ЦЕЛ: „Превенција и заштита на децата од социјален ризик“ кај точка 1 ,,Едократна парична помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства по основа на доставено барање од странката" износот во колоната буџет од 150.000 денари, се заменува со буџет 50.000 денари“.

2. Во Акцискиот план во табела 2-ЦЕЛ: „Превенција и заштита на децата од социјален ризик“ во точка 5 „Доделување на новогодишни пакетчиња за деца“ износотво колоната буџет од 150.000 денари се заменува со износот 250.000 денари.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр.09-4755/15
29.09.2026 год.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Програма за изменување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2026 година

1. Се објавува Програма за изменување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2026 година,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 - 4755/16
01.09.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 14 став (1) точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24, 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на 13-та седница одржана на 29.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за преотстапување на право на трајно користење на дидактичка опрема без надоместок на ОЈУДГ „Детелинка“ – Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Крива Паланка му преотстапува на ОЈУДГ „Детелинка“ – Крива Паланка право на трајно користење без надоместок на **дидактичка опрема набавена за потребите на Градинката ОЈУДГ „Детелинка“ – Крива Паланка, со клонови „Пролетна Роса“, „Поточина“, „Виножито“ и „Ранковце“**, во вкупна вредност од **82.295,00 денари со вклучен ДДВ**, согласно Решенијата за пренесување на вредност и Договорите за набавка наведени во член 3 од оваа Одлука.

Член 2

Се задолжува ОЈУДГ „Детелинка“ – Крива Паланка дидактичката опрема од член 1 на оваа Одлука да ја внесе во своите деловни книги и соодветно да ја евидентира во книговодствената, односно сметководствената евиденција, согласно важечките прописи.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука се:

- **Решение за пренесување на вредност** на Министерството за социјална политика, демографија и млади, арх. бр. **10-6178/49 од 07.09.2026 година**, за дидактичка опрема во вредност од **36.695,00 денари со вклучен ДДВ**, набавена согласно Договор бр. **МК/SSIP#2.1.23/3 од 28.05.2025 година**, склучен помеѓу Министерството за социјална политика, демографија и млади и **КИДО-ЛЕНД ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје**;
- **Решение за пренесување на вредност** на Министерството за социјална политика, демографија и млади, арх. бр. **10-6178/126 од 10.09.2026 година**, за дидактичка опрема во вредност од **45.600,00 денари со вклучен ДДВ**, набавена согласно Договор бр. **МК/SSIP#2.1.23/5 од 28.05.2025 година**, склучен помеѓу Министерството за социјална политика, демографија и млади и **ДАВКА**;
- записници за приемо-предавање на дидактичката опрема, испратници и фактури.

.Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 09-4755/17
29 09.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за преотстапување на право на трајно користење на дидактичка опрема без надоместок на ОЈУДГ „Детелинка“ – Крива Паланка

1. Се објавува Одлука за преотстапување на право на трајно користење на дидактичка опрема без надоместок на ОЈУДГ „Детелинка“ – Крива Паланка,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/18
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 3 став (2) и член 2 точка 6 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 22 став (1) точка 4 и член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 12 и член 13 од Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 11/2018), член 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на ден 29.09.2026 година, донесе 29.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за давање на времено користење на движна опрема на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука Општина Крива Паланка дава на времено користење на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка движна опрема без надоместок наменета за одржување на урбаното зеленило и јавните зелени површини на подрачјето на Општина Крива Паланка. Времето на користење е за период до 10 (десет) години.

Давањето на опремата на користење се врши заради обезбедување на материјално - технички услови за непречено, квалитетно и континуирано вршење на работите од јавен интерес поврзани со одржувањето на урбаното зеленило.

Член 2

Опремата што се дава на времено користење на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка ја опфаќа следново:

- Тракторска косилка VT10225HD – 1 парче, вредност 213.934,00 денари со ДДВ;
- Бензинска косилка 5150SP – 1 парче, вредност 40.474,00 денари со ДДВ;
- Моторен тример 553 RS – 3 парчиња, вредност 127.440,00 денари со ДДВ ;
- Дувалка BR 430 – 1 парче, вредност 28.910,00 денари со ДДВ;
- Дувалка BG 56 – 1 парче, вредност 27.140,00 денари со ДДВ;
- Телескопска пила HT 75 – 1 парче, вредност 33.040,00 денари со ДДВ;
- Батериски тример (сет) – 1 парче, вредност 17.700,00 денари со ДДВ;
- Телескопска пила батериска (сет) – 1 парче, вредност 64.900,00 денари со ДДВ.

  Вкупната вредност на опремата изнесува 553.538,00 денари со ДДВ.

Член 3

Опремата од член 2 на оваа Одлука останува во сопственост на Општина Крива Паланка. Со давањето на опремата на користење на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка **не се пренесува правото на сопственост**, туку се дава право на користење под условите утврдени со оваа Одлука и договорот за давање на користење.

Член 4

ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка може да ја користи опремата исклучиво за вршење на работи поврзани со:

1. одржување на урбано зеленило;
2. одржување и користење на паркови;
3. одржување на јавни зелени површини;

4. косење на трева;
5. кастрење и одржување на ниска и висока вегетација;
6. сечење и отстранување на дрва и гранки, кога тоа е дозволено согласно со закон;
7. други сродни работи од јавен интерес утврдени со програмите и актите на Општина Крива Паланка и со прописите со кои се уредува комуналната дејност и урбаното зеленило.

Член 5

ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка е должно опремата:

1. да ја користи наменски, совесно и со должно внимание;
2. да ја користи согласно со техничките упатства и правилата за безбедно ракување;
3. да обезбеди опремата да ја користат само обучени и овластени лица;
4. да се грижи за нејзино редовно и правилно одржување;
5. да обезбеди соодветни услови за нејзино чување;
6. да води евиденција за користењето, сервисирањето и одржувањето;
7. без одлагање писмено да ја извести Општината за дефект, оштетување, губење или уништување на опремата;
8. да не ја отуѓува, оптоварува, заложува или на друг начин да располага со опремата;
9. да не ја дава на користење на трети лица без претходна писмена согласност од Општина Крива Паланка.

Член 6

Трошоците за редовно одржување, сервисирање, потрошен материјал, резервни делови, гориво и други трошоци непосредно поврзани со редовното користење на опремата ги сноси ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка.

За капитални поправки, поголеми дефекти и интервенции кои значително влијаат врз вредноста или функционалноста на опремата, ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка е должно претходно писмено да ја извести Општината и да постапи согласно со дадените насоки и важечките прописи.

Член 7

ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка одговара за штетата на опремата доколку таа е предизвикана со намерно или несовесно постапување, ненаменско користење, неправилно ракување или користење спротивно на техничките упатства.

За оштетување настанато како последица на редовно и правилно користење и нормално абење, ЈП не одговара, освен ако со закон не е определено поинаку.

Член 8

За предавањето на опремата ќе се состави записник за примопредавање.

Записникот задолжително содржи податоци за видот, количината, серискиот и инвентарниот број, вредноста и состојбата на опремата при предавањето.

Записникот е составен дел на договорот за давање на опремата на користење.

Член 9

За уредување на меѓусебните права и обврски во врска со користењето, чувањето, одржувањето и враќањето на опремата, Општина Крива Паланка и ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка ќе склучат Договор за давање на движна опрема на користење.

Член 10

Се овластува Градоначалникот на Општина Крива Паланка да го склучи договорот од член 9 од оваа Одлука во име и за сметка на Општина Крива Паланка.

Член 11

Опремата останува евидентирана како сопственост на Општина Крива Паланка согласно со прописите за материјално и финансиско сметководство.

ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка е должно да постапува со опремата согласно со прописите што се однесуваат на неговото материјално и финансиско работење.

Член 12

Правото на користење на опремата престанува:

- со престанок на потребата од користење;
- со спогодбено раскинување на договорот;
- со едностарно раскинување поради суштествено прекршување на обврските;
- со одлука на надлежен орган на Општина Крива Паланка;
- во други случаи утврдени со закон.

По престанокот на правото на користење, ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка е должно да ја врати опремата на Општина Крива Паланка.

Член 13

Надзор над реализацијата на оваа Одлука врши Градоначалникот на Општина Крива Паланка преку надлежните служби на Општината.

Член 14

Оваа одлуката влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

Бр. 09 -4755/19
29.09.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за за давање на времено користење на движна опрема на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка

1. Се објавува Одлука за за давање на времено користење на движна опрема на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/20
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) , член 14 став (1) точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а согласно Барање бр. 09-4763/1 од 23.09.2026 година, Советот на Општина Крива Паланка на 13-та седница одржана на 29.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за доделување на финансики средства на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ -Крива Паланка за исплата на долг по основ на непредвидени обврски

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат финансиски средства на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка„“ Крива Паланка за исплата на долг по основ на непредвидени обврски во износ од 280.000,00 денари.

Член 2

Финансиските средства утврдени во член 1 на оваа одлука ќе се користат за подмирување на нерегулиран долг кој е настанат по основ на авторски надоместок кон ЗАМП по фактура бр.01-1313-26, а истиот произлегува од манифестацијата „Одбележување на патрониот празник на градот – Св. Јоаким Осоговски “ одржан во 2025 година.

Член 3

Средствата утврдени во членот 1 на оваа одлука да бидат предвидени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година на ставка 464, Програма А0 - Совет на Општина.

Испатата на средствата ќе биде регулирано со Одлука за трансфер по обезбедување на сретствата во Буџетот на Општина Крива Планка .

За доделените финансиски средства Фондацијата „Со срце за Крива Паланка„ Крива Паланка има обврска да достави до Советот финансиски извештај за наменско користење на средствата доделени од Буџетот на Општина Крива Паланка.

Член 4

За спроведување на оваа одлука задолжено е Одделението за финансиски прашања во Сектотор за локален економски развој, финансиски прашања и даноци при Општина Крива Паланка.

Член 5

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 09 -4755/21
29.09.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за доделување на финансики средства на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ -Крива Паланка за исплата на долг по основ на непредвидени обврски

1. Се објавува Одлука за доделување на финансики средства на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ -Крива Паланка за исплата на долг по основ на непредвидени обврски ,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/22
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 14 став (1) точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24) а во врска со член 5 од Статутот на фондацијата „Со срце за Крива Паланка , Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 29.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А

За давање согласност на измени и дополнувања на Програмата за работа на Фондацијата „ Со срце за Крива Паланка „ за 2026 година

1.Со оваа одлука се дава согласност на за измени и дополнувања ма Програмата за работа на Фондацијата „ Со срце за Крива Паланка „ за 2026 година усвоена од Управниот одбор на Фондацијата „ Со срце за Крива Паланка со Одлука бр. 02-27/3 од 26.03.2026 година .

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка “.

Бр. 09-4755/23
29.09.2026 год.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за давање согласност на измени и дополнувања на Програмата за работа на Фондацијата „ Со срце за Крива Паланка „за 2026 година

1. Се објавува Одлука за -Крива Паланка,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/24
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и 202/2024) и член 14 став (1) точка 1, 39 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023 и 14/2023, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 29.09.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС НА ЛОКАЛНИ ФУНКЦИОНЕРИ ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка, го усвојува Етичкиот кодекс на локални функционери во Општина Крива Паланка.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр.09-4755/25
29.09.2026 година
Крива Паланка

Совет на Општина Крива Паланка
Претседател
Миле Трајковски

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и 15 од Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со одредбите од законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата оддржана на --.09.2026 година го донесе следниот:

ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЛОКАЛНИ ФУНКЦИОНЕРИ ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ОПФАТ НА КОДЕКСОТ

Член 1

Предмет на кодексот

Предмет на овој Кодекс е да се пропишат задолжителните стандарди на однесување на функционерите и да се информираат граѓаните, медиумите, деловната заедница, граѓанскиот сектор, како и другите засегнати страни за стандардите на однесување кои функционерите имаат обврска да ги почитуваат.

Член 2

Значење на изразите употребени во Кодексот

Изразите во овој Кодекс го имаат следното значење:

- локален функционер (во понатамошниот текст: функционер) го опфаќа секое избрано и именувано лице во општина Крива Паланка, како и во јавните претпријатија, институциите и другите организации субјекти основани од Општина Крива Паланка;
- локална самоуправа е општина Крива Паланка;
- должност ги означува надлежностите што произлегуваат од избраната или именуваната позиција, како и сите активности што ги извршува функционерот во согласност со тие надлежности.

ПРИНЦИПИ

Член 3

Почитување на законите и актите на локалната самоуправа

Функционерот ја извршува должноста во согласност со законот, актите на локалната самоуправа, етичкиот кодекс и сите други прописи што ја определуваат неговата должност и секоја своја постапка во целост ја приспособува кон нив.

Член 4

Приоритет на јавниот интерес и негова заштита

Во извршувањето на должноста, функционерот му служи исклучиво на јавниот интерес, а не на директни или индиректни лични интереси, на интересите на поединци или групи поединци или на интересите на политичките партии.

Член 5

Одговорност и отчет пред граѓаните

Функционерот е избран од граѓаните на локалната заедница или именуван во нивно име и за вршењето на должноста е одговорен првенствено и најмногу пред нив, вклучувајќи ги и оние граѓани што не гласале за него или за неговата листа на кандидати.

Член 6

Заштита на угледот на локалната самоуправа

Во вршењето на должноста и во приватниот живот, за времетраењето на мандатот функционерот постапува на начин што нема да му наштети на неговиот углед, угледот на администрацијата на локалната самоуправа или на локалната самоуправа во целина.

Член 7

Заштита на имотот и средствата на локалната самоуправа

Функционерот е свесен дека имотот и средствата со кои располага и за кои одлучува во вршењето на должноста, им припаѓаат на граѓаните на локалната самоуправа и кон нив се однесува крајно одговорно и се грижи тие да се заштитат од злоупотреби.

Член 8

Исполнување на изборната програма и ветувањата

Функционерот го добива мандатот врз основа на изборната програма и заложбите и во вршењето на должноста се придржува кон нив, настојувајќи со нивното исполнување да го подобри животот на граѓаните и на локалната заедница во целина.

КОНКРЕТНИ ОБВРСКИ

Пред преземање на должноста

Член 9

Однесување во изборните кампањи

Функционерот учествува во изборната кампања само со аргументирано спротивставување на програми, а не со клеветење на другите кандидати, политички партии или политичари, други поединци, со употреба на насилство и/или закани, со поткупување или со давање или ветување услуги.

Член 10

Финансирање на изборните кампањи

Свесен за законските обврски во однос на финансирањето на изборните кампањи, функционерот нема да се согласи со користење на буџетски средства или средства на јавни фондови и јавни претпријатија за чија било изборна кампања, ниту, пак, за неа ќе бара или ќе прими средства од нелегални извори.

Извршување на должноста

Член 11

Откажување од злоупотреба на должноста

Функционерот, свесен за обврските што произлегуваат од законите и прописите на локалната самоуправа, во вршењето на должноста, ниту една своја постапка или активност нема да ја насочи кон злоупотреба на службената положба.

Член 12

Спречување на коруптивно однесување

Во извршувањето на должноста, функционерот е обврзан да се спротивстави на секое однесување што, согласно со законите, се квалификува како активно или пасивно подмитување или обезбедување поволности на некое лице или субјект.

Во случај на сомневање за тоа дали е определено однесување коруптивно, функционерот постапува согласно со законите и може да се обрати за мислење до антикорупциските институции и до органите за спроведување на законот и постапува согласно со препораките добиени од нив.

Член 13

Спречување на судир на интереси

Кога во вршењето на должноста функционерот е во ситуација да учествува во одлучување за прашање во кое има и личен или каков било друг интерес освен јавниот, секогаш и исклучиво го заштитува јавниот интерес.

Ако функционерот има свој интерес во прашање во чие одлучување учествува, тоа ќе го пријави на телото што одлучува за прашањето пред да се почне со постапката по него, ќе побара свое исклучување од одлучувањето и на никаков начин нема да влијае врз оние што одлучуваат за него.

Член 14

Ограничување на истовремено вршење на две или повеќе функции

Функционерот не може истовремено да врши повеќе од една избрана или именувана, локална или државна должност, како и каква било друга позиција што може да го спречи или да го оттргне од извршувањето на неговата должност во локалната самоуправа.

Особено не може да биде во позиција да врши надзор над сопствените задолженија во локалната самоуправа, ниту, пак, да биде ангажиран во активности од кои произлегува очигледен и неизбежен судир на интереси.

Член 15

Примена на дискреционите овластувања

Дискреционите овластувања се користат по исклучок и согласно со законите и актите на локалната самоуправа, а функционерот што донел таква одлука е должен да има, и на барање да даде, детално објаснување за основите и причините за таквата одлука.

Член 16

Ограничување на примање и давање подароци

Функционерот не бара, не прима, ниту допушта друг во негово име да прифати или да даде подароци, услуги, гостопримство или друга лична корист поврзана со вршењето на должноста, освен изрази на благодарност со симболична вредност, чиј износ е пропишан со закон или со акт на локалната самоуправа.

Член 17

Почитување на буџетската и финансиската дисциплина

Функционерот одговорно се однесува кон буџетот на локалната самоуправа и странската помош, особено кон задолжувањето на општината надвор од предвидените буџетски ставки и доследно се придржува до актите што го регулираат финансиското работење.

По напуштањето на должноста

Член 18

Ограничување на поволности по напуштањето на должноста

По напуштањето на должноста, функционерот не се ангажира на работа во приватни фирми врз кои, во време на мандатот, вршел надзор или воспоставувал договорен однос.

НАЧИНИ НА НАДЗОР

При преземање на должноста

Член 19

Утврдување на изворите и трошоците за кампањата

Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа, а се насочени кон утврдување на изворите за финансирање на неговата кампања и висината на трошоците за неа.

Во извршување на должноста

Член 20

Пријавување на интересите

Функционерот доследно ги почитува прописите за пријавување на имотната состојба, личните и семејните интереси.

Член 21

Придржување до внатрешните и надворешните мерки на надзор

Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа, а се насочени кон надзор над неговата работа.

Член 22

Обврска за пријавување на коруптивно барање и однесување

Ако функционерот дознае за коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа, должен е тоа веднаш да го пријави на институциите за спречување на корупцијата и на органите на прогонот.

Член 23

Заштита на предупредувачите

Функционерот ги почитува и ги заштитува другите функционери или вработените во администрацијата на локалната самоуправа кои, заради заштита на јавниот интерес, предупредуваат на коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа.

ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Член 24

Јавност во донесувањето на одлуките

Функционерот е должен да даде детални причини за донесените одлуки и постапки, освен за оние што со пропис се прогласени за доверливи, при што особено внимание им

обрнува на факторите што потврдуваат дека се таквите постапки во согласност со прописите и дека се во јавен интерес.

ОДНОСИ СО ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 25

Вработувања и унапредувања во локалната самоуправа

Функционерот се залага за спречување на вработување и унапредување во администрацијата на локалната самоуправа врз основа на кои и да е други начела освен начелата на стручност, компетентност и покажани позитивни резултати во работата.

Член 26

Почит кон вработените во локалните органи на власта

Функционерот ги почитува и професионално се однесува кон вработените во администрацијата на локалната самоуправа, без оглед на нивната етничка, верска и политичка припадност или убедување и од нив не бара да се однесуваат на незаконски, коруптивен или неетички начин.

Член 27

Унапредување на работата на локалната самоуправа

Во рамките на својата должност, функционерот се залага за подобрување на условите за работа, мотивираноста и отчетот на администрацијата на локалната самоуправа, особено за ефикасно и ефективно обезбедување на услугите на граѓаните.

ОДНОСИ СО МЕДИУМИТЕ

Член 28

Активна и пропорционална транспарентност

Функционерот одговара исцрпно, искрено и целосно на секое барање од медиумите што се однесува на информации во врска со вршењето на неговата должност, но нема да дава доверливи информации или информации во поглед на приватниот живот на функционерите или на трети лица.

Функционерот ги поттикнува и промовира мерките што служат за подобрување на мерките за медиумска покриеност на неговите овластувања, извршувањето на неговите задолженија и функционирањето на службите и одделите што се под негово раководство.

Во случај да нема доволна медиумска покриеност на општинските активности, со што би се обезбедила информираност на јавноста, функционерот ќе преземе соодветни програмски иницијативи за да се обезбеди таква покриеност.

ИНФОРМИРАЊЕ, ДИСТРИБУЦИЈА И ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА

Член 29

Поддршка на спроведувањето на Етичкиот кодекс

Функционерот ги почитува медиумите, деловната заедница и граѓанскиот сектор и бара активна поддршка од нив во поттикнувањето на свеста за потребата за етичко однесување.

Член 30

Прифаќање на Етичкиот кодекс од функционерите

Функционерот кој стапил на должност по писмен пат потврдува дека ги разбрал и ги прифаќа обврските од овој Кодекс и дека ќе се однесува во согласност со нив, што е неформален услов за преземање на должноста и започнување со нејзиното вршење.

Член 31

Прифаќање на Етичкиот кодекс од кандидатите на изборите

Како потврда на намерата да се однесуваат етички и одговорно ако бидат избрани или именувани, кандидатите за функционери во локалната самоуправа можат писмено да го прифатат овој Кодекс.

Член 32

Објавување на Етичкиот кодекс

Во рамките на можностите, локалната самоуправа презема мерки за што поширока дистрибуција на Кодексот со цел - со него да бидат запознаени сите вработени во локалната самоуправа и колку што е можно поголем број граѓани, медиуми и невладини организации.

Член 33

Следење на спроведувањето на Кодексот на ниво на локалната самоуправа

Советот на локалната самоуправа може да основа тело за следење на почитувањето на овој Кодекс, кое може на функционерите, граѓаните и на медиумите да им дава објаснување за суштината на Кодексот, како и за деталите околу неговото спроведување.

Член 34

Следење на спроведувањето Кодексот на државно ниво

Со прифаќањето на овој Кодекс, функционерот ја прифаќа и надлежноста за следење на неговото почитување од страна на тело на државно ниво, кое би можело да биде формирано или одобрено од Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Бр.09-4755/25
09.2026 година
Крива Паланка

Советот на Општина Крива Паланка
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24) Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за усвојување на етичкиот кодекс на локални функционери во Општина Крива Паланка

1. Се објавува Одлука за усвојување на етичкиот кодекс на локални функционери во Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/26
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 36, став(1), точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член14, став(1)точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 , 14/23 , 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 29.09.2026 година, ја донесе следнава

ОДЛУКА

За давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените за комунални услуги во ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-507/3 од 18.03.2022 година

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на Одлуката на ЈП Комуналец бр.02-1061/4 од 07.09.2026 година донесена од УО на ЈП Комуналец Крива Паланка , за изменување на Одлуката за утврдување на цените за комунални услуги во ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-507/3 од 18.03.2022 година

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 09-4755/27
29.09..2026 год.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените за комунални услуги во ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-507/3 од 18.03.2022 година

1. Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените за комунални услуги во ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-507/3 од 18.03.2022 година,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/28
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправни објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15,217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21 и 41/26) и член 14 став(1) точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 02/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 9/24), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 29.09.2026 година, донесе:

О Д Л У К А

за измена на Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко- планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за кп бр.1130/1 во КО Конопница, Општина Крива Паланка

Член 1

Се оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко- планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за кп бр.1130/1 во КО Конопница, Општина Крива Паланка така што во насловот и во член 2 од истата после **„кп бр.1130/1“** се додава **„ и кп.1130/2 “**.

Член 2

Оваа Одлука е составен дел на Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко- планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за кп бр.1130/1 во КО Конопница, општина Крива Паланка Бр.09-1970/37 од 26.06.2019 година.

Член 3

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

Бр. 09- 4755/29
29.09.2026 год
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за измена на Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко- планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за кп бр.1130/1 во КО Конопница, Општина Крива Паланка

1. Се објавува Одлука за измена на Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко- планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за кп бр.1130/1 во КО Конопница, Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/30
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 02/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 9/24), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 29.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А

За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 1001/2 и дел од к.п.бр.1000/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка

Член 1

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

Член 2

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во нас. Баглак на к.п.бр.1001/2 и дел од к.п.бр.1000/1 во КО Крива Паланка сопственост на Раде Станојковска и Станка Јовевска.

Член 3

На овој локалитет според постојниот Генерален урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена А-домување.

Член 4

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-куќи за домување со најмногу 4 станбени единици.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

Бр.09-4755/31
29.09.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател
Миле Трајковски с.р

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 1001/2 и дел од к.п.бр.1000/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка

1. Се објавува Одлука за, утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 1001/2 и дел од к.п.бр.1000/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/32
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Врз основа на член 7, член 36 став (1) точка 1, член 50 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), на предлог на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 29.09.2026 година, донесе

СТАТУТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Општина Крива Паланка е основана и нејзиното подрачје е утврдено со Закон. Општина Крива Паланка ги опфаќа подрачјата на следните населени места: градот Крива Паланка и селата: Б`с; Баштево; Борово; Варовиште; Габар; Голема Црцорија; Градец; Длабочица; Дубровница; Дренак; Дрење; Дурачка Река; Жидилово; Киселица; Конопница; Костур; Кошари; Кркља; Крстов Дол; Лозаново; Луке; Мала Црцорија; Мартиница; Метежево; Мождивњак; Нерав; Огут; Осиче; Подржи Коњ; Станци; Тлминци; Трново и Узем.

Член 2

Со овој статут на Општина Крива Паланка (во натамошниот текст: Општината), во согласност со Закон, се уредуваат:

- организацијата и работата на органите на Општината;
- организацијата и работењето на комисиите на Советот на Општината;
- вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност;
- начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на Општината;
- начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Општината и постапување по нив;
- начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните;
- начинот на објавувањето на прописите на Советот на Општината;
- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба;
- месната самоуправа;
- начинот и постапката за утврдување на грб, знаме и официјална песна на Општината;
- како и други прашања од значење за Општината.

Член 3

Определени прашања сврзани со остварувањето на надлежностите, процедурите за работа и одлучување во Советот на Општината, поблиску се уредуваат со Деловник на Советот на Општината (во натамошниот текст: Деловник).

Деловникот го донесува Советот на Општината (во натамошниот текст: Совет), со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 4

Општина Крива Паланка е правно лице со седиште на улица “Св.Јоаким Осоговски“ бр.175 во Крива Паланка.

Член 5

Општина Крива Паланка има печат со тркалезна форма со пречник од 4 (четири) цм, во чија средина се наоѓа грбот на Општината и на чии рабови е испишано “Република Северна Македонија – Општина Крива Паланка“.

Печатот на Советот на Општината е со тркалезна форма со пречник од 4 (четири) цм во чија средина се наоѓа грбот на Општината на рабовите е испишано “Република Северна Македонија –Општина Крива Паланка“ и во вториот ред околу рабовите има испишано – Совет на Општината.

Печатот на Градоначалникот е со тркалезна форма со пречник од 4 (четири) цм во чија средина се наоѓа грбот на Општината на рабовите е испишано “Република Северна Македонија – Општина Крива Паланка“ и во вториот ред околу рабовите има испишано – Градоначалник.

Член 6

Општина Крива Паланка има свој штембил со правоаголна форма со големина 6 (шест) цм на 3 (три) цм. Штембилот го содржи името на Република Северна Македонија, Општина Крива Паланка, Крива Паланка кои се испишуваат хоризонтално едно под друго, а под нив се остава празен простор за впишување на број на актот, на други писмена и на датумот на неговото издавање.

Член 7

Општината има свој празник.

Празник на Општината е **8** Октомври **-** денот на ослободување на Крива Паланка**.**

Член 8

Општината има грб, знаме и официјална песна.

За утврдување на грбот и знамето на Општината, Советот распишува конкурс за идејно решение и образува комисија.

Комисијата од пристигнатите трудови (во ликовна, графичка и електронска форма) по објавениот конкурс утврдува предлог за грб, односно знаме и го доставува до Советот на усвојување.

За начинот и условите за изработка на официјалната песна, Општината распишува конкурс за избор на идејно решение и формира комисија која од пристигнатите решенија утврдува предлог за избор на официјална песна и го доставува на Советот за усвојување.

Официјалната песна ќе се користи при одбележување на државни и општински празници и свеченост.

II. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

1. СОВЕТ

А) Конституирање

Член 9

Советот на Општина Крива Паланка е претставнички орган и го сочинуваат 15 (петнаесет) членови на Советот, како претставници на граѓаните, избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Конституирањето на Советот, се врши со верификација на мандатот на членовите на Советот избрани на начин утврден со Закон и со давање и потпишување на свечената изјава со содржина утврдена со Закон.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот се врши на конститутивната седница на Советот, по предлог на Комисија за прашања на верификација, избори и именувања што се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Советот.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на конститутивната седница на Советот, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

Членовите на Советот се избираат за време од четири години.

Членовите на Советот ги претставуваат граѓаните и во советот одлучуваат по свое верување.

Членот на Советот не може да биде отповикан.

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловникот.

Б) Права и должности на членовите на Советот

Член 10

Членот на Советот има права и должности утврдени со Закон и со овој Статут.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

Член 11

Членот на Советот има право и должност:

- да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење, како и од значење за граѓаните во Општината;
- да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и во постапка предвидени во Деловникот;
- да бара од администрацијата на Општината (во натамошниот текст: администрација), како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од Општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;
- да бара и добие стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;
- да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или на комисија.

Член 12

Членот на Советот има право да присуствува и учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член на комисијата, но без право на одлучување.

Член 13

Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести Претседателот на Советот и Претседателот на комисијата.

Членот на Советот кој од оправдани причини подолго време е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, има право да побара од Советот одобрение за отсуствување од седниците.

По барањето од ставот 2 на овој член, Советот одлучува без претрес.

В) Надлежност на Советот

Член 14

Советот на Општината ги врши следните работи:

1. Го донесува Статутот на Општината и други прописи.
2. Донесува Деловник на Советот.
3. Донесува Програма за работа на Советот.
4. Донесува Буџет на Општината и Годишна сметка на Општината.
5. Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на Општината, во рамките утврдени со Закон.
6. Донесува Генерален урбанистички план на Општината.
7. Донесува детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населено место во Општината.
8. Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на Општината.
9. Донесува Програма за уредување на градежно земјиште.
10. Донесува Програма за уредување на сообраќајна сигнализација.
11. Донесува прописи од областа на заштита за животна средина и природата, локален економски развој, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на децата, образованието, здравствената заштита, противпожарната заштита, во рамките на надлежноста определена со посебен Закон или во согласност со националната програма.
12. Донесува Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици.
13. Донесува Програма за јавно осветлување.
14. Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи.
15. Донесува Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење.
16. Донесува Програма за регулација, одржување и користење на речни корита во урбанизирани делови.
17. Донесува други програми согласно на Закон.
18. Го регулира средувањето и одржувањето на гробиштата.
19. Донесува Одлука за јавна чистота.
20. Донесува Одлука за јавниот превоз во градскиот и приградскиот сообраќај.
21. Донесува Одлука за одржување и користење на јавните пазаришта.
22. Го уредува начинот на чистење на оџаците.
23. Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање на возила и начинот на негово користење.
24. Определува имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење.
25. Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, на предлог од Градоначалникот.

26. Основа јавни служби во рамките на надлежноста на Општината и врши надзор над нивната работа.
27. Именува и разрешува членови на одбори на јавните служби кои ги основа согласно Закон.
28. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби, кои ги основа.
29. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење во согласност со Закон.
30. Ги усвојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби, кои ги основа.
31. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на Општината.
32. Одлучува за начинот на вршење финансиска контрола на Буџетот на Општината, во согласност со Закон.
33. Го избира лицето кое раководи со Подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во Општината, во согласност со Закон.
34. Го разгледува и усвојува Годишниот извештај за јавна безбедност на подрачјето на Општината, кој го доставува до Министерството за внатрешни работи и Народниот правобранител, може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот.
35. Избира и разрешува претседател на Советот.
36. Формира постојани и повремени комисии.
37. Врши одделни овластувања во согласност со Закон врз добрата од општа употреба и врз природните богатства на подрачјето на Општината.
38. Воспоставува општински награди и признанија.
39. Дава мислење по предлог закони кои се однесуваат на Општината.
40. Врши други избори,именувања и разрешувања од својата надлежност.
41. Донесува други одлуки за работа од своја надлежност.
42. Врши и други работи утврдени со Закон.

Г) Претседател на Советот

Член 15

Претседателот на Советот го избира Советот од редот на членовите на Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членовите на Советот.

Претседателот на Советот се избира со мандат од четири години.

Предлог за Претседател на Советот може да даде секој член на Советот.

Изборот на Претседател на Советот може да се изврши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот одлучи Советот со мнозинство од присутните членови на Советот.

Постапката за избор на Претседател на Советот со тајно гласање се уредува со Деловникот.

Д) Начин на работа

Член 16

Советот работи на редовни седници, а по потреба може да одржува свечени и вонредни седници.

Член 17

Денот, часот и местото на одржување на редовна седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи на седницата се објавуваат на огласна табла на Општината.

Претседателот на Советот може да одлучи денот, часот и местото на одржување на седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред да се објават во средствата за јавно информирање.

Член 18

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани, а може да одржува свечени седници и за ислушување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на Општината.

Член 19

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните и во случаи на вонредни околности.

Вонредна седница на Советот свикува Претседателот на Советот по сопствена иницијатива, или на барање од најмалку 1/3 од членовите на Советот, или на предлог на Градоначалникот.

Поканата за вонредна седница заедно со предлогот на дневен ред на членовите на Советот им се доставува на најбрз можен начин.

Пред отпочнувањето со работа на седницата, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница, без претрес и со мнозинство од присутните членови на Советот.

Член 20

Во случај на спреченост или отсутност на Претседателот на Советот, на седницата претседава најстариот член на Советот.

Член 21

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Советот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови, ако со Закон и со Статут поинаку не е определено.

Гласањето на седниците на Советот е јавно, освен ако Советот не одлучи за одделни прашања гласањето да биде тајно.

За секоја седница на Советот се води записник.

Прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во општината, утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината.

Член 22

Свикување на седниците на Советот, утврдување на дневниот ред, текот на седницата, записниците, постапката за донесување на акти и други прашања сврзани со работата на Советот, поблиску се уредуваат со Деловникот.

2. ГРАДОНАЧАЛНИК

Член 23

Градоначалникот се избира секоја четврта година на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање, во согласност со законот со кој се регулираат локалните избори.

Градоначалникот ги врши своите надлежности во рамките утврдени со Закон и овој Статут.

Градоначалникот во рамките на своите надлежности:

1. Ја контролира законитоста на прописите на Советот.
2. Ја претставува и застапува Општината.
3. Ги објавува прописите на Советот во службено гласило на Општината.
4. Го обезбедува извршувањето на Одлуките на Советот.
5. Го обезбедува извршувањето на работите кои што со Закон и се делегирани на општините.
6. Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот.
7. Го предлага Годишниот буџет и Годишната сметка на Буџетот на Општината.
8. Го извршува Буџетот на Општината.
9. Избира директори на јавните служби кои ги основа Општината, врз основа на јавен конкурс.
10. Редовно го известува Советот за извршувањето на своите надлежности, во согласност со Статутот.
11. Решава во управни разботи за права, обврски и интереси на правни или физички лица во согласност со Закон.
12. Донесува Правилник за систематизација на работните места на Општинската администрација.
13. Раководи со Општинската администрација.
14. Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во Општинската администрација, доколку поинаку не е определено со Закон.
15. Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината во согласност со Закон и Статут.
16. Врши други работи утврдени со Закон и со овој Статут.

Градоначалникот може да овласти раководен службеник на Општината да ја води постапката и да решава управни работи, како и да потпишува акти.

За решавање на поединечните права, обврски и интереси на физичките и правните лица, градоначалникот донесува решенија.

Член 24

Градоначалникот присуствува и учествува во работата на седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите на Советот и посебните тела на Општината, без право на одлучување.

Градоначалникот може да определи и свои претставници кои присуствуваат и учествуваат во работата на седниците на Советот и посебните тела на Општината, без право на одлучување.

Член 25

Градоначалникот по сопствена иницијатива и по барање на Советот, го известува Советот за извршување по одделни работи од негова надлежност.

Член 26

Градоначалникот обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината. Градоначалникот управува со сопственоста на Општината во јавен интерес и како добар домаќин.

Градоначалникот е должен, во управувањето со сопственоста на Општината, да презема мерки и да го обезбедува користењето, одржувањето и заштитата на сопственоста на Општината во согласност со Закон.

Член 27

Градоначалникот соработува со градоначалниците на другите општини по прашања од заеднички интерес, а кои се од надлежност на општините.

Член 28

Градоначалникот со решение определува член на Советот кој ќе го заменува за време на спреченост или отсуство.

Решението од став 1 на овој член Градоначалникот го донесува во рок од 30 дена од денот на преземањето на функцијата.

Решението од став 1 на овој член се објавува во “Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

За настапувањето на спреченоста или отсуството, Градоначалникот го известува Претседателот на Советот и членот на Советот кој ќе го заменува.

Член 29

Градоначалникот на Општината именува Секретар на Општината, од редот на раководните државни службеници од Општинската администрација согласно на Закон.

3. ПОСЕБНИ ТЕЛА НА ОПШТИНАТА

А) КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

Член 30

Во Општината во која најмалку 20% од вкупниот број жители на Општината утврден на последниот извршен попис на населението се припадници на одредена заедница се формира комисија за односи меѓу заедниците.

Член 31

Одлука за формирање на Комисијата донесува Советот, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања.

Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член по претходно добиени предлози на политичките партии застапени во Советот.

Член 32

Комисијата од редот на своите членови избира Претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата, со јавно гласање.

Член 33

Комисијата работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Комисијата.

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство од вкупниот број членови на Комисијата.

На седниците на Комисијата може да присуствуваат и учествуваат во работата, Градоначалникот на Општината и Претседателот на Советот, без право на одлучување.

Б) СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Член 34

Во Општината се формира Совет за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 9 членови.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите се избираат од редовите на советниците, здруженијата за заштита на правата на потрошувачите и од други здруженија на граѓани, стопанските комори, јавните претпријатија со седиште на територијата на општината и органите за надзор на пазарот кои вршат инспекциски надзор во областа на заштита на потрошувачите.

Член 35

Одлука за формирање на Советот за заштита на потрошувачите донесува Советот на Општината, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања.

Член 36

Советот за заштита на потрошувачите од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите, со јавно гласање.

Мандатот на членовите на Советот изнесува четири години со право на повторен избор.

Член 37

Советот за заштита на потрошувачите работи на седници. Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите одлучува со мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

На седниците на Советот за заштита на потрошувачите можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот и Претседателот на Советот на Општината, без право на одлучување.

Советот за својата работа донесува деловник.

Советот за заштита на потрошувачите, предлага локална едногодишна програма за заштита на потрошувачите во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите на Владата и ја доставува на усвојување до Советот на Општината.

Член 38

Советот за заштита на потрошувачите ги врши следниве активности:

- се грижи за заштита и остварување на правата на потрошувачите во однос на заштитата на здравјето, безбедноста, економските интереси и за нивното редовно информирање во остварувањето на нивните права;
- ги проучува важечките правни прописи и предлага соодветни измени во областа на правната заштита на потрошувачите до надлежното министерство;

- предлага преземање соодветни мерки за заштита на здравјето, безбедноста и економските интереси на потрошувачите до надлежното министерство;
- ја оценува состојбата на пазарот во поглед на степенот на заштитата на потрошувачите;
- води посебна грижа за заштита на потрошувачите кои се малолетници, стари и изнемоштени лица, социјално загрозените лица, неписмени, емигранти и лицата чии живеалишта се наоѓаат во тешко пристапни предели.

Член 39

Советот за заштита на потрошувачите разгледува прашања и утврдува предлози кои што се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на Општината, а особено:

- ја следи состојбата на давањето на услуги од јавните служби;
- се грижи за решавање на проблемите што граѓаните ги имаат при користење на услугите од претпријатијата и установите што вршат јавни услуги;
- се грижи за унапредување на односот на вработените кај давателите на услуги кон корисниците на услугите;
- организира јавни трибини и други форми на учество на граѓаните на кои ќе се расправа за унапредување на заштитата на потрошувачите.

В) СОВЕТ НА МЛАДИ

Член 40

Во Општината се формира Совет на млади како советодавно тело на Општината за младите активно да се вклучат во јавниот живот на Општината.

Младите се жители на Општината Крива Паланка на возраст од 15 до 29 години живот.

Младите од став 2 на овој член можат да бидат избрани за претседател и заменик преседател на Советот на млади на Општина Крива Паланка, само ако се со место на живеење во Општина Крива Паланка.

Член 41

Одлука за основање на Советот на млади ја донесува Советот на Општина Крива Паланка врз основа на позитивните законски прописи.

Член 42

Советот на млади во Општината ги врши следните работи:

- расправа на седници на Советот на млади за прашања значајни за нивната работа;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на Општина Крива Паланка, а се од интерес за работата на младите;
- му предлага на Советот на Општина Крива Паланка донесување на одлуки, програми и други акти од значење за маладите од Општината;
- му предлага на Советот на Општината Крива Паланка да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми;
- му дава мислење на Советот на Општина Крива Паланка за конкретните одлуки кои треба да ги донесе;
- соработува во изработката и го следи спроведувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на Општина Крива Паланка;
- изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на Програми за отстранување на настанатите проблеми и подорување на положбата на младите на локално ниво;

- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и промовира за активностите на Советот на млади;
- ја потикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со младите од другите општини;
- по потреба повикува претставник на Советот на Општината на своите седници;
- врши работи од интерес на младите;
- врши други советодавни и застапувачки работи во согласност со ЗМУМП.

Член 43

Општина Крива Паланка распишува повик за формирање Иницијативен одбор. Во Иницијативниот одбор може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината. Во повикот се напоменува дека Иницијативен одбор се формира само еднаш за одржување на конститутивното Локално собрание за млади. Иницијативниот одбор е составен од 3 члена и по успешно свикување на Локално собрание за млади истиот се распушта, односно мандатот престанува.

Иницијативниот одбор преку Општина Крива Паланка објавува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади. Повикот се објавува на веб-страницата на Општина Крива Паланка.

Формите на организирање и здружување кои може да учествуваат во Локално собрание за млади не мора да бидат регистрирани во Општината, но мора да имаат активности на територијата на Општината. Делегатот и заменик-делегатот треба да бидат жители на Општината и на возраст од 15 до 29 години.

Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивна седница на Локалното собрание на млади заедно со Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува тричлена комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Советот на млади. На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач по пат на тајно гласање. Секој член на Локално собрание за млади може да биде кандидиран за претседавач или доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на Локално собрание за млади. Мандатот на членовите на Локално собрание за млади вклучително и на претседавачот трае две години со право на уште еден избор.

На конститутивната седница, Локалното собранието на млади носи одлука за формирање комисија која до следната седница на Локално собрание за млади на Општината треба да подготви Деловник за работа на Локално собрание за млади.

Првата седница на Локалното собрание на млади ја свикува веќе избраниот претседавач на Локално собрание за млади. На седницата се усвојува Деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува Одлука за распишување јавен повик за формирање Советот на млади на Општина Крива Паланка, со критериуми во согласност со Закон. Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општина Крива Паланка и трае 15 дена од денот на неговото објавување.

По доставените пријави на кандидатите за членови на Советот на млади, надлежното лице, односно службеникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до претседавачот и до Локално собрание за млади кои пак свикуваат нова седница на Локално собрание за млади. На седницата на Локалното собрание на млади се покануваат делегатите на Локално собрание за млади и младите кои се пријавиле за членови на Советот на млади, а ги исполнуваат критериумите од повикот.

Тричлената верификациона комисија на Локалното собрание за млади го следи процесот на избор на членови на младинскиот совет на Општината и ги потврдува мандатите на делегатите.

Кандидатите за членови на Советот на млади имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Локално собрание за млади, по што следува постапката на гласање. Локалното собрание на млади избира членови на Советот на млади по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади. За избрани членови на Советот на млади се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола.

Кандидатите за членови на Советот на млади ги предлагаат: граѓански организации и младински здруженија, училишни заедници совети, студентски совети и други форми на младински организации.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Крива Паланка го избира и го разрешува Советот на млади врз основа на одлука на Локалното собрание на млади. Советот на млади од своите редови избира претседател и заменик-претседател, согласно Деловникот за работа на Советот на млади.

Член 44

Членовите на Советот на младите се избираат на две години со право на уште еден избор.

Советот на Општината Крива Паланка може да разреши член на Советот на млади и пред истекот на мандатот на лично барање, ако наполни 30 години живот, ако отсуствува од седниците на Советот на млади и ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

Член 45

Советот на млади одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Советот на млади.

Претседателот на Советот на млади е должен да свика вонредна седница на Советот на млади на предлог на најмалку 1/3 од членовите на Советот на млади .

Советот на млади ги донесува одлуките од мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупно избраните членови на Советот на младите.

Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловникот за работа на Советот на млади.

Советот на млади може да формира постојани и повремени работни тела за потесни кругови на делување на организирање на форуми трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

Член 46

Советот на млади донесува програма за работа на Советот на млади и ја доставува до Советот на Општина Крива Паланка за секоја календарска година.

Програмата ги содржи следните активности:

- учество во креирањето и пратењето на локалната програма на младите;
- соработка со другите советодавни тела во Република Северна Македонија и странство;
- консултирање со организацијата на младите за теми значајни за младите;
- соработка со телата во Општината во политиката од влијание за младите.

Програмата содржи и останати активности значајни за работата на Советот на млади и подобрување на положбата на младите.

Програмата за работа Советот на млади ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на Советот на младите.

Програмата се поднесува на одобрување пред Советот на Општината најкасно до 30 Ноември во тековната година за наредната година.

Член 47

Општина Крива Паланка обезбедува финансиски средства за работа на Советот на млади и простор за одржување седници на Советот на млади во Општина Крива Паланка.

Од буџетот на Општината, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на Советот на млади во согласност со усвоената годишна програма.

Членовите на Советот на млади не добиваат надоместок за својата работа.

Стручните и административните работи за потребите на Советот на млади ги врши Општинската администрација во Општина Крива Паланка, односно назначува службеник за млади во согласност со Закон.

Г) ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ

Член 48

За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, Општината задолжително формира партиципативно тело на иницијатива на градоначалникот или на партиципиентите од ставот (3) на овој член.

Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на Општината, што ги одредува градоначалникот и стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, а особено од лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на Општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот. Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страната од Општина Крива Паланка и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.

Учеството на лицата вработени во Општина Крива Паланка во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во Општина Крива Паланка учеството е на доброволна основа.

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на Општина Крива Паланка и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на Советот на Општината.

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички

планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Работата на партиципативното тело е јавна.

Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во деловникот на партиципативното тело што го донесува Советот на Општина Крива Паланка, при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.

Член 49

Партиципативното тело од областа на урбанизмот работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Партиципативното тело од областа на урбанизмот.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот одлучува со мнозинството од вкупниот број членови.

На седниците можатда присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот и Претседателот на Советот, без право на одлучување.

Д) КОМИСИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

Член 50

Комисијата за унапредување на правата на пациентите во Општината се формира како постојана комисија за унапредување на правата на пациентите согласно на прописите од областа на локалната самоуправа.

Член 51

Средствата за работа на членовите на комисијата од член 50 на овој Статут ги обезбедува Општината за која е формирана.

Општината е должна да определи на лесно достапно место и јасно да ја означи канцеларијата на комисијата од член 50 на овој Статут со назив “Канцеларија на Комисијата за унапредување на правата на пациентите”.

Член 52

Комисијата се состои од 11 (единаесет) члена кои се избираат во согласност со Статутот на Општината и тоа: двајца претставници на пациентите – членови на здруженијата на пациенти, двајца претставници од здруженија што се занимаваат со човековите права и граѓанските иницијативи, еден претставник од здружение која се занимава со правата на жените, еден претставник од здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост, двајца лекари од Општината и тројца членови делегирани од Советот на Општината.

Мандатот на членовите на комисијата е 2 (две) години со право на уште еден последователен избор.

Член 53

Комисијата ги врши работите согласно на Закон.

Комисијата, за подрачјето на Општината за која е фромирана, ги врши следниве работи:

- унапредување на правата на пациентите и нивна заштита;
- унапредување на правата на пациентите кои се лица со попреченост и жени жртви на насилство;
- ја следи и проценува состојбата со заштита на правата на пациентите;
- предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;
- соработува со надлежните органи;
- разгледува поплаки од пациенти и предлага превземање на мерки до надлежни органи;
- бара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата;
- води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките превземени за заштита на правата на пациентите;
- подготвува и поднесува годишен извештај за заштита на правата на пациентите пред Советот на Општината;
- издава информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите и
- врши и други работи пропишани со овој Закон.

Комисијата донесува деловник за својата работа со кој поблиску се уредува начинот на работа.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА КОМИСИИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА

1. КОМИСИИ НА СОВЕТОТ

Член 54

Советот ги образува следните постојани комисии:

- Комисија за прашања на верификација, избори и именувања;
- Комисија за финансии и локален економски развој;
- Комисија за урбанистичко планирање, уредување на просторот, заштита на животната средина и природата;
- Комисија за комунални работи и сообраќај;
- Комисија за јавни дејности;
- Комисија за Статут и прописи;
- Комисија за еднакви можности на жените и мажите;
- Комисија за меѓуопштинска и меѓународна соработка.

Делокругот на комисиите од став 1 на овој член се определува со Деловникот на Советот.

Советот може да образува и други постојани и повремени комисии, чиј состав и делокруг се определува со актот за нивното формирање.

2. СОСТАВ, ИЗБОР И НАЧИН НА РАБОТА НА КОМИСИИТЕ

Член 55

Комисиите на Советот се состојат од Претседател и четири члена од редот на членовите на Советот.

Член 56

Избор на Претседател и членови на комисија на Советот се врши на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања.

Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања го дава предлогот од став 1 на овој член врз основа на претходно доставени предлози на политичките партии застапени во Советот, при што се раководи од принципот за нивна пропорционална застапеност во комисиите, имајќи го предвид вкупниот број на комисиите на Советот.

Изборот на Претседател и членови на комисија се врши со мнозинство од присутните членови на Советот.

Член 57

Предлог за разрешување на Претседател и членови на комисија може да даде комисијата, Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања, најмалку 3 (три) членови на Советот и Претседателот на Советот.

По предлогот за разрешување одлучува Советот, со јавно гласање, со мнозинство на присутните членови на Советот.

Член 58

Избор заради промена на поодделен член на комисија се врши на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања, при што не може да се наруши принципот на пропорционална застапеност на партиите во комисиите.

Член 59

Комисијата работи на седници и расправа по материјали доставени од овластен предлагач.

Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

Член 60

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството членови на комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови на присутните членови.

Член 61

Ако одлучи да му поднесе извештај или предлог на Советот, комисијата определува свој известител, кој по налог на комисијата, по сопствена иницијатива или по барање на Советот, на седницата на Советот ќе го образложи ставот или предлогот на комисијата.

Член 62

На седницата на комисијата задолжително присуствува претставник на предлагачот на материјалот што се разгледува.

Претставникот на предлагачот има право на седницата на комисијата да учествува во разгледувањето на предлогот што го поднел.

Член 63

Комисијата има право од предлагачот да бара известување, појаснување, како и други податоци што и се потребни за работа, а со кои предлагачот располага или е должен да ги собира и евидентира.

Член 64

На седниците на комисијата може да присуствуваат и да учествуваат претставници на органи, организации, заедници и здруженија, како и научни, стручни и јавни работници, заради изнесување на нивни мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на комисијата.

Поканата до лицата од ставот 1 на овој член, ја доставува Претседателот на комисијата по претходна консултација со членовите на комисијата.

IV. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Член 65

За извршување на работите од надлежност на органите на Општината се организира Општинска администрација.

Општинската администрација се организира во сектори и одделенија.

Во Општината се организира одделение за инспекциски надзор заради вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

Организацијата, делокругот, и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација ги утврдува Советот, врз основа на предлог на Градоначалникот.

Член 66

Вработените во Општинската администрација, кои вршат стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и решаваат управни работи, имаат статус на државен службеник согласно на Закон.

За вработувањето, правата, должностите, системот на плати и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос на вработените од став 1 на овој член, ќе се применуваат одредбите од Закон.

За вработените во Општинската администрација кои вршат административно-технички и помошни работи, се применуваат одредбите од работното законодавство.

Член 67

Општинската администрација:

1. Ги подготвува актите за Советот и Градоначалникот.
2. Ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии.
3. Врши стручни работи за Советот и Градоначалникот.
4. Го води сметководството на Општината.
5. Ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање.
6. Доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на Закон.
7. Ракува со документите на Општината, ги чува се до нивно уништување, односно предавање во државната архива на Република Северна Македонија.
8. Врши и други работи што ќе и ги определи Советот и Градоначалникот.

V. ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ СПОРЕД НАЧЕЛОТО НА СУПСИДИЈАРНОСТ

Член 68

Општината, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на своето подрачје да спроведува иницијативи во врска со сите прашања од значење за Општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Определувањето на работите од став 1 на овој член, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот, по предлог на Градоначалникот.

VI. ОПШТИНСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Член 69

Општината ја доделува наградата „8 Октомври“.

Наградата се доделува како знак на признание за постигнати остварувања во областа на економскиот развој, науката, уметноста, културата, образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други сегменти на животот, трудот и творештвото, што претставуваат посебен придонес за развојот на Општината и за нејзиниот севкупен напредок и афирмација.

Наградата може да се додели на физички и на правни лица од Општината, Републиката и од други држави, како и на меѓународни организации и асоцијации или нивни претставници.

Член 70

За наградата „8 Октомври“, Општина Крива Паланка формира Одбор.

Работата на одборот поблиску се уредува со Одлука на Советот на Општина Крива Паланка.

Средства за наградата и за работата на Одборот се обезбедуваат од буџетот на Општина Крива Паланка и од други извори на приходи.

Член 71

Општината може да востановува други награди и признанија во вид на: плакета, повелба, диплома и благодарница.

Признанијата може да се доделуваат на носители на јавни и општествени функции, граѓани, трговски друштва, јавни установи и јавни служби, како и на државници, членови на меѓународни организации и асоцијации и граѓани од други држави, за особени заслуги за развојот на Општината или како израз на признание за развивање на соработката и пријателските односи.

Член 72

Граѓани на други држави, особено заслужни за зацврстување на мирот и мирољубивата соработка меѓу народите и државите или кои се особено заслужни во областа на науката, културата и други области на општествениот живот воопшто, а особено ако со нивната работа придонеле за афирмацијата и развојот на Општина Крива Паланка и Републиката во целина, можат да бидат прогласени за почесни граѓани на Општина Крива Паланка.

VII. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

1.ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 73

Органите на Општината, комисиите на Советот на Општината и јавните претпријатија и установи основани од Општината ги информираат граѓаните за

одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во Општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на Општината;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежност на Општината;
- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка, а се од значење за развојот на Општината;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;
- приходите кои се остваруваат во Општината и начинот на нивна распределба и трошење;
- јавните набавки;
- именувањето на директори и членови во одборите на јавните претпријатија и установи согласно закон;
- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на Општината и јавните претпријатија и установи во согласност со Закон.

Член 74

Информирањето на граѓаните се врши редовно, без надоместок, преку:

- издавање Службен гласник на Општината;
- издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени;
- објавување на публикации;
- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од Општината;
- огласни табли (во простории на Општината, јавните претпријатија и установи, месната самоуправа);
- веб страната на Општината;
- јавни трибини;
- средствата за јавно информирање и
- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

Член 75

Информирањето на граѓаните се врши на македонски јазик и кирилското писмо.

Советот на Општината со посебна одлука може да утврди за одредени информации да се информира и на јазикот кој не е службен јазик во Општината, а го зборуваат дел од жителите на Општината.

2. СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Член 76

Општината е имател на информации од јавен карактер.

Информации од јавен карактер се информациите со кои располагаат органите на Општината (Советот и Градоначалникот), Општинската администрација, а кои се создадени во вршењето на нивната работа и надлежности или со кои се стекнале при вршењето на своите законски надлежности.

Правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации, може да биде ограничено или да се обезбеди делумен пристап согласно исклучоците наведени од Закон.

Информациите од ставот (3) на овој член стануваат достапни кога престанат причините за нивната недостапност.

По исклучок од ставот (3) на овој член, информацијата може да се објави ако тестот на штетност покаже дека јавниот интерес е поважен од заштитениот интерес.

Ако документот содржи заштитени информации што може да се одвојат без опасност, тие се одвојуваат, а барателот се известува за остатокот од документот.

Член 77

За информациите од јавен карактер со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

Имателите на информации од јавен карактер се должни редовно да ја ажурираат листата на информации со кои тие располагаат и да ги објавуваат на начин достапен за јавноста (интернет страница, огласна табла и друго).

Секој имател на информации од јавен карактер, е должен за посредување да определи едно или повеќе службени лица при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Имателите на информации од јавен карактер, се должни да обезбедат информирање на јавноста за службеното лице/лица за посредување со информации, на начин кој е достапен за барателите на информации .

Член 78

Пристапот до информациите од јавен карактер се остварува на начин и во постапка утврдени со Закон.

Постапката за пристап до информациите од јавен карактер (условите и начинот) граѓаните се известуваат на начин достапен за јавноста (интернет страница, огласна табла и друго).

Градоначалникот обезбедува услови и презема мерки утврдени со закон за непречено остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располага Општината.

Член 79

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации имаат сите правни и физички лица.

Слободен пристап до информации имаат и странски правни и физички лица во согласност со Закон.

Барателот барањето/пристапот до информациите од јавен карактер може да ги бара усно, писмено или по електронска пошта.

Слободниот пристап до информации се остварува во законски утврдениот рок:

- со увид во документите со кои располага имателот на информацијата;
- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Член 80

Пристапот до информации од јавен карактер е бесплатен, согласно Закон.

Имателот на информацијата може да побара надоместок само за материјалните трошоци настанати при обезбедување на информацијата, кога пристапот подразбира изработка на копии, преписи, печатење или пренос на податоци на соодветен медиум.

Висината на материјалните трошоци се утврдува согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за надоместок на материјалните трошоци за дадена информација од јавен карактер.

Увидот во информацијата се обезбедува без надоместок, согласно Закон.

Член 81

Општината, како имател на информации од јавен карактер, е должна да ја информира јавноста преку својата интернет-страница, со објавување на информации, документи и податоци од својата надлежност, и тоа:

- податоци за надлежностите утврдени со Закон;
- основни податоци за контакт на Општината, и тоа: назив, адреса, телефонски број, адреса на електронска пошта и интернет-страница;
- податоци за градоначалникот и другите одговорни лица, вклучително и биографија и податоци за контакт;
- податоци за службеното лице задолжено за посредување со информации од јавен карактер;
- податоци за лицето овластено за заштитено внатрешно пријавување;
- список на вработени со назив на работното место, службена електронска адреса и службен телефон;
- законите и другите прописи кои се однесуваат на надлежностите на Општината;
- прописите, актите и другите документи што ги донесува Општината во рамките на својата надлежност;
- органограмот на внатрешната организација на општината;
- стратешките документи, планови и програми за работа;
- годишниот буџет, завршната сметка и финансиските планови и кварталните финансиски извештаи;
- ревизорски извештаи;
- информации за услугите што ги обезбедува Општината, условите, постапката и потребната документација за нивно користење;
- тарифници, надоместоци и други давачки утврдени согласно закон;
- начинот на поднесување барање за пристап до информации од јавен карактер;
- документација поврзана со јавни набавки, концесии и јавно-приватни партнерства, согласно Закон;
- програми, извештаи, мислења, студии, информативни билтени, соопштенија и други документи од јавен интерес;
- извештаи за работа доставени до надлежни органи;
- статистички податоци, информации и други акти што влијаат врз животот и работата на граѓаните;
- други информации кои произлегуваат од надлежностите и работата на Општината, согласно Закон.

Општината е должна да обезбеди бесплатен пристап до информациите од ставот (1) на овој член, согласно Закон.

Член 82

Барателот на информација има право на жалба до надлежниот орган, согласно Закон, доколку имателот на информацијата:

- не одговори на барањето во законски утврдениот рок;
- го одбие барањето за пристап до информација;
- делумно го одобри или делумно го одбие барањето;
- не овозможи пристап до бараната информација во побараниот облик;
- наплати надоместок спротивно на Закон;
- или на друг начин го оневозможи или ограничи остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Жалбата се поднесува во постапка и рокови утврдени со Закон.

Член 83

Службеното лице определено за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер подготвува годишен извештај за спроведување на Законот во Општината.

Извештајот содржи податоци за постапувањето по поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер, бројот на примени, одобрени, одбиени и неодговорени барања, како и податоци за поднесените жалби.

Градоначалникот, како одговорно лице согласно законот, го разгледува, одобрува и потпишува годишниот извештај.

Годишниот извештај се доставува до надлежниот орган најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година и се објавува на интернет страницата на Општината.

VIII. СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 84

Општината има право на сопственост на ствари, парични средства и права.

Вредноста на сопственоста на Општината се проценува и искажува при изготвувањето на годишната сметка.

Со сопственоста Општината располага и стопанисува како добар домаќин, на начин утврден со Закон.

Јавните служби основани од Општината се нејзина сопственост.

IX. ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ОД СЕДНИЦИТЕ НА СОВЕТОТ

Член 85

Советот може да работи без присуство на јавноста само во случаи определени со Закон и овој Статут, како и кога тоа ќе го предложат Градоначалникот, Претседателот на Советот или најмалку 1/3 (третина) од членовите на Советот.

Исклучувањето на јавноста може да се бара, кога прашањето за кое се расправа има допирни точки со јавниот морал, кога може да ги загрози интересите на определена личност или има допирни точки со одбраната и сигурноста на граѓаните.

По предлогот од став 1 на овој член, Советот одлучува без претрес, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

X. ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

Член 86

Физичките и правните лица имаат право да поднесуваат претставки и предлози што се однесуваат на работата на органите на Општината и Општинската администрација.

Член 87

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник пред овластено лице во Општинската администрација.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

Член 88

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесувањето претставка или предлог, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

Член 89

Градоначалникот, во зависност од содржината на претставката, односно предлогот овластува еден или повеќе службеници да постапат по претставката, односно предлогот.

Постапувањето по претставката, односно предлогот опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на основаноста на претставката или за оправданоста на предлогот, како и преземање на потребни мерки за отстранување на евентуална повреда на правото на подносителот или повреда на јавен интерес.

Член 90

Градоначалникот е должен во што е можно покус рок, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави одговор.

XI. ЈАВНИ ТРИБИНИ, АНКЕТИ, ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ФОРУМИ НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 91

Органите на Општината, заради утврдување политика во определена област, преземање мерки за разрешување на прашања и проблеми од значење за граѓаните од подрачјето на Општината, како и при предлагање на одредени акти од своја надлежност може да организираат јавна трибина, да спроведат анкета или да прибираат предлози од граѓаните.

Видот, постапката, начинот и времето на организирање на формите на непосредно учество на граѓаните од став 1 на овој член се уредува со акт на органот што ја организира.

За организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се објавува соопштение во средствата за јавно информирање, во кое се назначува видот, целта, предметот и други податоци важни за организирање на соодветната форма на непосредно учество на граѓаните и се повикуваат заинтересираните за учество во истите.

Организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните, може да се врши во соработка со други општини и со облиците на месна самоуправа.

За јавната трибина, анкетата или предлозите на граѓаните се изготвува извештај.

Член 92

При организирање јавна трибина, спроведување анкета и прибирање предлози од граѓаните ќе се обезбеди:

- текст на документот или нацрт на одлука и друг општ акт објавен на погоден начин за да им биде достапен на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;
- собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени;
- изготвување на извештај.

Член 93

Градоначалникот и Советот на Општината по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во Општината, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на Општината.

Иницијативата од ставот 2 на овој член се поднесува до Градоначалникот на Општината, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на Општината одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува Советот на Општината по предлог на Градоначалникот.

XII. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА

Член 94

Во воена состојба, органите на Општината:

- продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со Закони;
- преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Општината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овој член преку:

- планирање и организирање на мерките за заштита и спасување за свои потреби;
- формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со Закон и прописи засновани на Закон;
- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;
- преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците, информациите и документите од областа на одбраната, во согласност со Закон и прописи засновани на Закон;
- координација и соработка со другите општини.

XIII. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ НА СОВЕТОТ

Член 95

Прописите на Советот се објавуваат во службеното гласило на Општината, пред да влезат во сила.

Службено гласило на Општината е „Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

Во службеното гласило на Општината може да се објавуваат и прописи на други општини.

Член 96

Прописите на Советот влегуваат во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината”, а по исклучок што го утврдува Советот, најрано со денот на објавувањето.

Прописите на Советот можат да влезат во сила и во покус рок од осум дена ако:

- причините поради кои се предлага донесувањето на прописот и целите што се сака да се постигнат со неговото донесување се од итен и неодложен карактер;
- не создаваат материјални обврски за граѓаните и правните лица;
- прашањата што се регулираат се од сферата на одбраната, заштитата и спасувањето и сл.;

- тоа го налагаат начелата на целисходност, рационалност, ефикасност, економичност, оперативност и сл.

XIV. МЕСНА САМОУПРАВА

Член 97

Граѓаните во Општината одлучуваат за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа ако и можат да ги основаат согласно со овој Статут.

Член 98

Во Општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат:
- во градот – урбани заедници;
- во населените места – месни заедници.

Член 99

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните единици утврдени со урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места.

Член 100

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните, жители на подрачјето за кои има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

Член 101

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подрачје, по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Собирот на граѓани од став 1 на овој член го свикува Градоначалникот на Општината, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.

Член 102

Граѓаните преку облиците на месна самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижат за:
- решавање на прашања од комунална инфрастрктура за соодветното подрачје;
- одржување на објектите од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- покренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, спортски, забавни и други манифестации;
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијативи и предлози до надлежните органи на Општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

Член 103

Работите од членот 102 на овој Статут се финансираат од:

- средствата што Општината ќе им ги одстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- средства што ќе ги издвојат за интересираните правни и физички лица;
- средства од надомест на услуги и
- подароци и други средства.

Прибирањето и трошењето на средствата од ставот 1 на овој член се врши преку Буџетот на Општината.

Член 104

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот на облиците на месна самоуправа го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на Собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот на облиците на месна самоуправа е составен од 3 (три), 5 (пет) или 7 (седум) члена.

Мандатот на членовите на Советот на месната самоуправа трае 4 (четри) години.

Член 105

Одлука за распишување на избори за членови на Советот на облиците на месна самоуправа донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако Одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок Одлука за распишување за избор на членови на Советот на облиците на месната самоуправа, донесува Собирот на граѓани.

Член 106

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот на облиците на месна самоуправа се врши на Собир на граѓани, доколку присуствуваат најмалку 5% од граѓаните, жители на соодветната месна – урбана заедница.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на Собирот.

Член 107

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот на облиците на месна самоуправа поблиску се уредува со правилата за работа на обликот на месна самоуправа, донесени од Советот на Општината.

Член 108

За избрани членови на Советот на облиците на месна самоуправа се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

Член 109

Советот на облиците на месна самоуправа од редот на своите членови избира Претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Член 110

Градоначалникот на Општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, по претходна согласност на Претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

Член 111

Општината води евиденција на облиците на месна самоуправа основани на нејзиното подрачје.

XV. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

Член 112

Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општината може да поднесе член на Советот, комисија на Советот и други субјекти.

По иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Советот.

Член 113

По прифаќањето на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот, Градоначалникот изготвува предлог на статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот.

XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 114

Со влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24).

Член 115

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

09-4755/33
29.09.2026 година
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Трајковски

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Статут на Општина Крива Паланка

1. Се објавува Статут на Општина Крива Паланка,што Советот го донесе на 13-та седница, одржана на ден 29.09.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4755/34
02.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовскис.р

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 95 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24) и член 28 став (3) од Правилата за работа на облиците на месна самоуправа на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.09/10 и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, на ден 28.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за распишување на избори за членови на Советите на месните заедници на с.Конопница и с.Градец

Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори за членови на Советите на месните заедници на с.Конопница и с.Градец.

Член 2

Изборите за членови на Советите на месните заедници на с.Конопница и с.Градец ќе се спроведат во периодот од 15.10.2026 до 15.11.2026 година.

Градоначалникот ќе донесе поединечни Решенија за свикување на собир на граѓаните за подрачјето на секоја месна заедница и за распишување избори за членови на Советот на секоја месна заедница во коишто ќе биде утврдено местото и времето на одржување на собирите на граѓани на коишто ќе бидат избирани членови на Советите на месните заедници.

Член 3

Постапката за предлагање, утврдување и избор на членови на Советите на месните заедници ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапка за избор на членови на советите на месните самоуправи на подрачје на Општина Крива Паланка формирана од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

Член 4

Граѓаните од соодветната месна заедница благовремено ќе бидат известени од Градоначалникот на општината за денот, часот и местото на одржување на Собирот на граѓаните.

Свикувањето на Собирот на граѓаните на месната заедница ќе биде извршено со истакнување на соопштението на интернет страната на Општината Крива Паланка и на видни места на територијата на месна заедница за којашто се свикува Собирот на граѓани согласно на Правилата за работа на облиците на месна самоуправа на Општина Крива Паланка.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

Број 08-4842/1
28.09.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник
Сашко Митовски

Ред.бр. **С О Д Р Ж И Н А** **страна**

1. Заклучок за неусвојување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ –Крива Паланка за учебната 2025/2026 година.....2
2. Заклучок за објавување на Заклучокот за неусвојување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ –Крива Паланка за учебната 2025/2026 година.....3
3. Одлука за донесување на Програма за работа на СОУ Ѓорче Петров“ – Крива Паланка за 2026/2027 година.....4
4. Заклучок за објавување на Одлука за донесување на Програма за работа на СОУ Ѓорче Петров“ – Крива Паланка за 2026/2027 година.....5
5. Одлука за усвојување на извештајот за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Крива Паланка за 2025/2026.....6
6. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на извештајот за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Крива Паланка за 2025/2026.....7
7. Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Крива Паланка за 2026/2027.....8
8. Заклучок за објавување на Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Крива Паланка за 2026/2027.....14
9. Програма за измена и дополнување на Развојна Програма ЈМА за „Времено уредување на јавни површини, улици и патеки со бехатон плочи 2026-2029;.....15
10. Заклучок за објавување на Програма за измена и дополнување на Развојна Програма ЈМА за „Времено уредување на јавни површини, улици и патеки со бехатон плочи 2026-2029.....16
11. Програма за измена и дополнување на Развојна Програма РАА за активности во програмата за животна средина на Општина Крива Паланка за период 2026-202917
12. Заклучок за објавување на Програма за измена и дополнување на Развојна Програма РАА за активности во програмата за животна средина на Општина Крива Паланка за период 2026-2029.....18
13. Програма за изменување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2026 година.....19
14. Заклучок за објавување на Програма за изменување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2026 година.....20
15. Одлука за преотстапување на право на трајно користење на дидактичка опрема без надоместок на ОЈУДГ „Детелинка“ – Крива Паланка.....21
16. Заклучок за објавување на Одлука за преотстапување на право на трајно користење на дидактичка опрема без надоместок на ОЈУДГ „Детелинка“ – Крива Паланка.....22
17. Одлука за за давање на времено користење на движна опрема на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка;.....23

18. Заклучок за објавување на Одлука за за давање на времено користење на движна опрема на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка.....26
19. Одлука за доделување на финансиски средства на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ -Крива Паланка за исплата на долг по основ на непредвидени обврски.27
20. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ -Крива Паланка за исплата на долг по основ на непредвидени обврски.....28
21. Одлука за давање согласност на измени и дополнувања на Програмата за работа на Фондацијата „ Со срце за Крива Паланка „ за 2026 година;.....29
22. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на измени и дополнувања на Програмата за работа на Фондацијата „ Со срце за Крива Паланка „ за 2026 година.....30
23. Одлука за усвојување на етичкиот кодекс на локални функционери во Општина Крива Паланка 31
24. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на етичкиот кодекс на локални функционери во Општина Крива Паланка.....38
25. Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените за комунални услуги во ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-507/3 од 18.03.2022 година;.....39
26. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цените за комунални услуги во ЈП Комуналец Крива Паланка бр.02-507/3 од 18.03.2022 година.....40
27. Одлука за измена на Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за кп бр.1130/1 во КО Конопница, Општина Крива Паланка;.....41
28. Заклучок за објавување на Одлука за измена на Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко- планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за кп бр.1130/1 во КО Конопница, Општина Крива Паланка.....42
29. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 1001/2 и дел од к.п.бр.1000/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка ;.....43
30. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 1001/2 и дел од к.п.бр.1000/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка.....44
31. Статут на Општина Крива Паланка.....45
32. Заклучок за објавување на Статут на Општина Крива Паланка.....72
33. Одлука за распишување на избори за членови на Советите на месните заедници на с.Конопница и с.Градец.....73